ИЕЛТС (IELTS) на Филолошкиот факултет

Што е ИЕЛТС?

Тестот ИЕЛТС (IELTS), односно **Меѓународниот систем за тестирање по англиски јазик** (International English Language Testing System), е водечки тест во светот за тестирање на познавањето на англискиот јазик.

Тестот ИЕЛТС е создаден од водечки светски експерти за оценување на познавањето на англискиот јазик. Тестот ужива голем углед на меѓународно ниво, а го признаваат повеќе од 7,000 организации ширум светот.

Тестот ИЕЛТС постои во две верзии академска верзија на ИЕЛТС и општа верзија на ИЕЛТС.

ИЕЛТС длабински ги оценува сите ваши вештини на англиски јазик - читање, пишување, слушање и зборување, и е осмислен на тој начин да покаже како ќе се служите со англискиот јазик за време на студиите или на работното место. Деловите слушање и зборување се исти за двете верзии на тестот, додека читањето и пишувањето се разликуваат. Сите делови се полагаат во ист ден, а резултатите се добиваат на 13-от ден од денот на полагање.

На тестот не можете да паднете. ИЕЛТС е осмислен на тој начин да може да ги оцени вештините по англиски јазик на сите нивоа. Оценката за секоја од четирите вештини се заснова на бодовна скала од 1-9, како и општа оценка за нивото. За секој дел од тестот оценката за нивото може да биде цел број (на пр. 5.0, 6.0, 7.0) или цел број и половина (на пр. 5.5, 6.5, 7.5). Преводниот еквивалент на резултатот на тестот ИЕЛТС според нивоата на Европската јазична рамка, е даден тука.

ПОЛАГАЊЕ

Академската верзија на тестот се користи за академски цели.

Термините за полагање на тестот можете да ги најдете овде.

Пријавувањето за тестот е електронски, и може да се направи овде.

Сите потребни информации во врска со термините за полагање, начинот на полагање, начинот на пријавување за тестот, потребни материјали за подготовка на испитот можете да добиете телефонски на (+389 2) 32 40 487 секој вторник од 08.30-10.30, среда од 14.45-15.45 и четврток од 11.30-12.30 или посетете нè во истите термини во Библиотеката на Кетдрата за англиски јазик книжевност на Филолошкиот факултет.